Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 343, 2 мај 2024 година

мај 2024 година
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА РАКОПИСОТ „ХРЕСТОМАТИЈА ВО ФИНАНСИИТЕ И ФИНАНСОВОТО ПРАВО“ ОД ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР Д-Р КРИСТИНА МИШЕВА, ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП** ........ **3**

**ПРЕГЛЕД**
**НА НАСЛОВИ НА ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ И СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ ТРУДОВИ ОДОБРЕНИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ НА ЕДИНИЦАТА** ........ **7**

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип
Главен и одговорен уредник: проф. д-р Дејан Мираковски
Уредници: проф. д-р Мишко Цидров, м-р Ристо Костуранов
Уредник на издавачка продукција: проф. д-р Лилјана Колева Гудева
Техничко уредување: м-р Влатко Јовановски дипл. инж.
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Печати: Печатница „2- Август“ - Штип
ISSN: 1857- 8497

**РЕЦЕНЗИЈА НА РАКОПИСОТ „ХРЕСТОМАТИЈА ВО ФИНАНСИИТЕ И ФИНАНСОВОТО ПРАВО“ ОД ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР Д-Р КРИСТИНА МИШЕВА, ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 1102-76/6 од 12.4.2024 од 257. редовна седница на Наставно-научниот совет на Правен факултет, одржана на 9.4.2024 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Јован Зафироски, редовен професор, Правен факултет „Јустинијан Први“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, избран во научната област финансово право и финансии;
- д-р Илија Груевски, вонреден професор, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, избран во научна област фискална економија

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис **„ХРЕСТОМАТИЈА ВО ФИНАНСИИТЕ И ФИНАНСОВОТО ПРАВО”** од **вонреден проф. д-р Кристина Мишева,** наменет за студентите на прв циклус студии на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

Ракописот со наслов „Хрестоматија во финансиите и финансовото право” припаѓа во научната област финансово право и јавни финансии според меѓународната Фраскатиева класификација.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Правен факултет го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Ракописот со наслов „Хрестоматија во финансиите и финансовото право“ од авторката д-р Кристина Мишева претставува заокружена целина за основните концепти поврзани со финансиите и воведните институти од област на финансиите и финансовото право наменет за предметот Финансово право за студентите на прв циклус студии на Правен факултет.

Содржината на книгата е конципирана согласно со актуелната наставна програма по предметот Финансово право и претставува дел од задолжителната литература по истоимениот предмет. Предметот Финансовото право се изучува во петтиот семестар на студиските програми: Правни студии - Штип и Правни студии - Струмица како задолжителен предмет на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип со неделен фонд на часови (2+2+1).

Содржината на ракописот е компатибилна за студиските програми за кои е наменет учебникот и во целост ги задоволува потребите на студентите на правните студии од трета година да ги добијат основните знаења од областа на финансиите и финансовото право и функционирањето на финансискиот систем.

**Податоци за обемот на ракописот:** Ракописот е во обем од 112 страници. Големината на сите страници е А4, во Word формат, големината на фонтот во текстот е Arial 11, Regular, порамнување Justify, со единечен проред, и 17 слики. Користена е релевантна литература (учебници, учебни помагала, научноистражувачки трудови објавени во релевантни списанија, правни

извори, извештаи и електронски извори), цитирана во APA стил придружено со коментари во 62 фусноти. Содржина на учебникот ги задоволува критериумите според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип и Упатството за техничко уредување на учебници и учебни помагала во електронска форма на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Рецензентите имаат сознание дека постои учебник со слична содржина под назив „Финансово и финансиско право на СФРЈ“ од проф. д-р Васил Гривчев, издаден во далечната 1981 година. Понатаму, во 2010 година е објавен универзитетски учебник со назив „Финансово право“ од група автори проф. Весна Пендовска, проф. Александра Максимовска-Вељановска и проф. Кики Маногва-Поњавиќ, кој во еден дел од учебникот обработува слична содржина, и ракопис - скрипта под назив „Финансово право - општ дел“, објавен во 2019 година од д-р Кристина Мишева, кој опфаќа поголем дел од содржината во овој учебник од истоимениот автор. Сепак, станува збор за доста атрактивна и динамична проблематика која континуирано го проширува својот предмет на истражување и затоа е потребно тековно да се следи нејзиниот развој. Оттука, во целина, ракописот за учебник „Хрестоматија во финансиите и финансовото право“ на д-р Кристина Мишева е неопходно издание за покривање на дел од наставната содржина по предметот Финансово право на Правен факултет во Штип.

**Краток опис на содржината:** Во однос на начинот на организирање на материјалот може да се констатира дека авторката добро ја структурирала содржината и идејната поставеност на трудот. Тоа е направено во согласност со однапред дефинираниот предмет на истражување. Сите концептуални делови на трудот се правилно и логички подредени, додека одделните тематски содржини се детално структурирани и методично презентирани. При изработката на учебникот е употребен логичен и стручен пристап. Техничката обработка е солидна и на високо ниво со соодветна компјутерска обработка. Содржински ракописот со наслов „Хрестоматија во финансиите и финансовото право“ од д-р Кристина Мишева е систематизиран и презентиран во 9 (девет) глави. По секоја глава има структурирани прашања и цели на учењето, со што се олеснува пристапот до неопходните знаења од изложениот материјал.

Учебникот го има следниов редослед:

Предговор;
Предмет на обработка и идејна поставеност на учебникот;
Глава 1: Поим, видови, настанување и карактеристики на финансиите;
Глава 2: Финансиската дејност на државата, причини и правни основи
Глава 3: Финансиско правна норма;
Глава 4: Финансиско-правен однос;
Глава 5: Вовед во јавните финансии и финансиска политика;
Глава 6: Финансово право;
Глава 7: Наука за финансиите;
Глава 8: Систем на јавни приходи и јавни расходи;
Глава 9: Финансиски систем;
Библиографија.

Преку содржината опфатена во трудот, читателот би требало да стекне поширока и подетална претстава за поимот, природата и карактерот на финансиите, етимолошкото потекло на зборот финансии, видовите финансии, парите и финансиите, видовите пари и нивната употреба, поимот и развојот на финансиската дејност на државата, правните основи за остварувањето на финансиската дејност на државата, за настанувањето, постоењето и престанувањето на финансиско-правните односи, развојот на науката за финансиите, финансовото право и финансиската политика. Во осмата глава акцентот е на јавните приходи и јавните расходи, теории, класификации, начела, елементи, ефекти и составот на јавните приходи (даноци, поим, класификација, елементи) и поим, теорија, класификација, начела, елементи и видовите на јавните расходи. Авторката несомнено успева да направат соодветен приказ на специфичните поими следејќи ја нивната еволуција и развој, успевајќи притоа на лапидарен начин да укаже на нивната улога и важност во фискалниот системот и на концептот на нивната замена условеност и поврзаност. Посебна глава се посветува и на финансискиот систем и неговите карактеристики и начела со акцент на македонскиот финансиски систем. Сметаме дека материјалот обработен во учебникот се одликува со голема теоретска и практична значајност, што ќе биде од исклучителна важност за студентите. Во последниот дел авторката ја заокружува целината на ракописот со тоа што укажува на неопходната поврзаност на финансиите со создавањето на институционална структура преку која ќе може да се реализираат и де факто да се почитуваат финансиските правила. Создавањето на финансискиот систем како дел од секој современ економски систем се одвивало постепено и зависело од многу околности, при што покрај карактерот на општествено-економско уредување, значајна улога имал техничко-технолошкиот развој.

Преку ваквиот начин на обработка на предметната проблематика, сметаме дека авторката ја постигнала главната цел за изработка на овој ракопис, а тоа е студентите да можат на симплифициран и приемчив начин да ја разберат суштината на предметот, што е од особена важност за нивното понатамошно специјализирање и дообразување.

**ЗАКЛУЧОК**

Врз основа на горенаведените констатации и опис, сметаме дека ракописот (учебник) со наслов „Хрестоматија во финансиите и финансовото право“ е солидно изработен учебник, кој изобилува со квалитетна научна и образовна содржина. Авторката пред себе си има зададено јасна задача и цел на коишто успеала мошне успешно да одговори. Очекуваниот научен придонес на гореименуваниот учебник се гледа во добивањето на поголемо наставно-образовно, стручно и посовремено значење на оваа специфична проблематика. Несомнено, учебникот ги следи општоприфатените стандарди и содржината за тоа како треба да биде конципиран еден учебник. Дава еден сеопфатен приказ на теоретските и научни финансиско-правни аспекти. Финансовото право како посебна наставно-научна дисциплина се изучува на Правниот факултет од основањето на Факултетот и Универзитетот. Единствен е впечатокот дека академската и професионална подготвеност на авторката и нејзиното инволвирање во наставно-образовниот процес од почетоците на Универзитетот овозможила подготовка на високо ниво на овој ракопис/ учебник.

Преку изучувањето на содржините на овој ракопис, студентите ќе имаат можност да стекнат соодветни знаења кои понатаму ќе ги применуваат и во останатите предметни дисциплини кои се изучуваат на вториот и третиот циклус на Правниот факултет, но исто така негова примена може да најдат и студентите од Економскиот факултет на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Имајќи го предвид наведеното, со голема чест и задоволство на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип **му предлагаме учебникот со наслов „Хрестоматија во финансиите и финансовото право" од авторката вонреден проф. д-р Кристина Мишева да биде одобрен за издавање** и со тоа да стане дел од универзитетскиот библиотечниот фонд. Да биде достапен како задолжителна литература за студентите на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, но исто така се надеваме дека ќе се најде како дополнителна или алтернативна литература и во рацете на пошироката научна и стручна јавност.

Врз основа на сето ова, Рецензентската комисијата со задоволство се изјаснува со позитивна рецензија и дава предлог за објавување на ракописот - учебник.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**
Д-р Јован Зафироски, редовен професор, с.р.
Д-р Илија Груевски, вонреден професор, с.р.

**П Р Е Г Л Е Д**

**на наслови на теми за изработка на магистерски и специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата**

| Билтен 2.5.2024 година | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ | 1.Епидемиолошко-клинички карактеристики на пациенти со долнореспираторни инфекции лекувани на Оддел за интензивна нега | 2002-101/48 од 22.4.2024 год. | Проф. д-р Милка Здравковска | Елена Кузманов |
| | 2.Задачи на патронажната сестра при откривање, нега и едукација на населението со хронични заболувања во Општина Кочани | 2002-101/49 од 22.4.2024 год. | Проф. д-р Гордана Панова | Тања Маринковска-Ангелова |
| | 3.Физикална рехабилитација и кинезитерапија кај пациенти со анкилозен спондилитис – (Morbus Bechterev) | 2002-101/50 од 22.4.2024 год. | Проф. д-р Ленче Николовска | Петар Златков |
| | 4.Предности и ограничувања на конвенционалните и автоматизираните микроскопски техники за испитување на седименти во урина | 2002-101/51 од 22.4.2024 год. | Проф. д-р Невенка Величкова | Дијана Трајковска |
| | 5.Препознавање, лекување и превенција на хируршките инфекции | 2002-101/52 од 22.4.2024 год. | Проф. д-р Јован Ивчев | Катица Перковска |
| | 6.Третман и нега кај пациенти со плеврален излив, пред и после торакотомија | 2002-101/53 од 22.4.2024 год. | Проф. д-р Билјана Ефтимова | Никица Стоичева-Николова |
| | 7.Шок, шокови состојби и нивен третман | 2002-101/54 од 22.4.2024 год. | Проф. д-р Билјана Ефтимова | Тијана Младеновска |
| | 8.Улогата на медицинската сестра во превенција и менаџирање на пациенти позитивни на клостридиум дифициле | 2002-101/55 од 22.4.2024 год. | Проф. д-р Ивица Смоковски | Наталија Ристовска |
| | 9.Инвазивен мониторинг-артериска линија | 2002-101/56 од 22.4.2024 год. | Проф. д-р Татјана Тројиќ | Тања Илишева |
| | 10.Дијабетес мелитус кај деца и процес на здравствена нега и едукација | 2002-101/57 од 22.4.2024 год. | Проф. д-р Ивица Смоковски | Надица Коцева |
| | 11.Умешноста на патронажната сестра при откривање и помош за едукација и рехабилитација во домашни услови на децата со посебни потреби во Општина Куманово | 2002-101/58 од 22.4.2024 год. | Проф. д-р Гордана Панова | Валдете Муслији |
| | 12.Задачите на патронажната медицинска сестра при откривање и едукација на пациенти со незаразни заболувања во Општина Кочани | 2002-101/59 од 22.4.2024 год. | Проф. д-р Гордана Панова | Марија Ананиева |
| | 13.Амбиопатијата како оптометриски проблем кај децата | 2002-101/60 од 22.4.2024 год. | Проф. д-р Зденка Стојановска | Кристина Чачарова |